РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Сектор за правни работи - Одделение за прекршочна постапка**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Александар Сапроновски како претседател, членовите Божо Лозаноски и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-005000/22-0004 од 16.02.2022 година на Царинарница Битола, против сторителот на царински прекршок Маја Маркоска од Охрид, за царински прекршок од член 265 в.в.со член 263 став 4 в.в. со став 1 точка 8 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на ден 30.03.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Маја Маркоска од Охрид, роден на ден 06.05.1989 година во Штип, со адреса на живеење, улица „Славеј планина" број 40, Охрид, со ЕМБГ 0605989495029, државјанин на Република Северна Македонија.

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 265 в.в. со член 263 став 4 в.в. со став 1 точка 8 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 30.12.2021 година, во 04:05 часот, како учесник во сообраќајна незгода, од страна на УПС од ПС за БПС Охрид, контролирано е патничко моторно возило марка "Nissan" тип Micra, со швајцарски регистарски таблици GE812739, управувано од лицето Маја Маркоска. Од извршените проверки и обавениот разговор со возачот на патничкото моторно возило, како и од увид во сообраќајната дозвола, било констатирано дека возилото е сопственост на фирма "Smartex Sarl" од Женева, Швајцарија, со важност на регистрација до 17.01.2017 година, и дека истото е одјавено од Швајцарија, со проценета вредност од 77.180,00 денари и избегнати увозни давачки во износ од 55.191,00 денари.
По извршената контрола, а поради постоење на основ за царински прекршок, во врска член 267 став 1 од Царинскиот закон, од лицето Маја Маркоска, со потврда за привремено одземени предмети, привремено е одземено е предметното патничко моторно возило.

Со горе опишаното дејствие пријавениот Маја Маркоска од Охрид, постапила спротивно на член 91 од Царинскиот закон и сторил прекршок по член 265 вв. член 263 став 4 вв. став 1 точка 8 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

И СЕ ИЗРЕКУВА

1. Глоба во износ од 250 (двестеипедесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, односно 15.375,00 денари, како и трошоци на постапката во износ

од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0025/22, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0025/22, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Северна Македонија, ул.„Колекторска" 6.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

2. Согласно член 267 став 3 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на сторителот на царински прекршок Маја Маркоска од Охрид, и изрече и задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: ПМВ марка "Nissan" тип Micra, со швајцарски регистарски таблици GE812739.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка постапка број 28-005000/22-0004 од 16.02.2022 година на Царинарница Битола, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против Маја Маркоска од Охрид, за сторен прекршок од член 265 в.в. со член 263 став 4 вв. став 1 точка 8 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со покана за писмено произнесување број 28-005000/22-0005 од 25.02.2022 година писмено го извести сторителот за поднесеното барање и го поучи да се изјасни за фактите и доказите поднесени во врска со барањето, но истиот во законски предвидениот рок не се произнесе.

Од страна на пошта Охрид сторителот бил известен на ден 12.03.2022 година, со цел да го подигне писменото, но истиот во рокот кој му бил определен не го направил тоа, па се смета дека доставата на поканата е уредни извршена.

Согласно горе наведеното Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: барање за поведување на прекршочна постапка број 28-005000/22-0004 од 16.02.2022 година на Царинарница Битола, барање за поведување на прекршочна постапка од МВР бр.22.25.5.2-86 од 24.01.2022година, потврда за привремено одземени предмети бр.182 од 30.12.2021 година, службена белешка бр.8569 од 30.12.2021 година, записник за комисиски прием премер и проценка на стоки број 28-005000/22-0003 од 11.02.2022 година и утврдено е дека вредноста на стоката изнесува 77.180,00 денари а избегнати царински давачки во износ од 55.191,00 денари, сообраќајна дозвола во оргинал, покана за писмено произнесување број 28-005000/22-0005 од 25.02.2022 година, повратница со плик од достава на покана, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 30.12.2021 година, во 04:05 часот, како учесник во сообраќајна незгода, од страна на УПС од ПС за БПС Охрид, контролирано е патничко моторно возило марка "Nissan" тип Micra, со швајцарски регистарски таблици GE812739, управувано од лицето Маја Маркоска. Од извршените проверки и обавениот разговор со возачот на патничкото моторно возило, како и од увид во сообраќајната дозвола, било констатирано дека возилото е сопственост на фирма "Smartex Sarl" од Женева, Швајцарија, со важност на регистрација до 17.01.2017 година, и дека истото е одјавено од Швајцарија.

Пријавената Маја Марковска од Охрид, предметното ПМВ марка "Nissan" тип Micra, со швајцарски регистарски таблици GE812739, го управувала без соодветна документација, иако знаел или од околностите на случајот морал да знае, дека истото е предмет на прекршок, заради тоа што истото било пуштено во слободен промет, иако не биле спроведени пропишаните царински формалности за пуштање во слободен промет и за плаќање на увозните давачки.

Со горе опишаното дејствие пријавениот Маја Маркоска од Охрид, постапила спротивно на член 91 од Царинскиот закон и сторил прекршок по член 265 вв. член 263 став 4 вв. став 1 точка 8 од Царинскиот закон,

Според член 91 од Царинскиот закон, со пуштање во слободен промет странската стока добива статус на домашна стока. За да се пушти стоката во слободен промет, треба да се применат мерките на трговска политика, да се завршат другите формалности пропишани за увоз на стока и за плаќање на сите давачки пропишани со царински и други прописи.

Согласно член 263 став 4 во врска со став 1 точка 8 од Царинскиот закон, (Сл.Весник на РСМ број 110/2021) глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член, ќе се изрече на одговорно лице во правното лице, или на физичкото лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е од 250 до 1.000 евра во денарска противредност или кога вредноста на стоката е од 500 до 4.000 евра во денарска противвредност.

Согласно член 265 од Царинскиот закон, на правно лице или на трговец поединец, односно на одговорно лице во правното лице или во трговец поединец или на физичко лице, кое ќе

купи, продаде, распродаде, добие на подарок, прикрива, прими на чување или на превоз, чува, користи или добие во сопственост врз која било основа стока за која знае или според околностите на случајот морал да знае дека доколку сторителот извршил некое од дејствијата од членовите 263, 263-а или 264 од овој закон, му се изрекува глоба која со членовите 263, 263-а или 264 од овој закон се изрекува на сторителот.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон стоката која е предмет на прекршок од член 263 став(1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19), и 20) и член 265 во врска со член 263 став(1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19), и 20) на овој закон се одзема. Стоката од став (1) на овој член се одзема и кога не е сопственост сторителот на прекршокот, доколку сопственикот на стоката знаел или со оглед на околностите на случајот би можел да знае дека стоката е предмет на прекршоците од членот 263 или 265 од овој закон.

Согласно член 374 став 1 точка в алинеја 3 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, роковите за завршување на постапките на привремен увоз се за средства за патен транспорт кои приватно се употребуваат во други случаи, вклучувајќи животни за јавање или влечење и возила влечени од нив: шест месеци во период од дванаесет месеци, вв со став 1 алинеа 6 од истиот член за транспортни стретства кои комерцијално се употребуваат освен за железнички транспорт: времето потребно за извршување на превозните операции.

Од увидот во сообраќајната дозвола (оргинал швајцарска) за предметното возило, видно е дека сопственик на истото е фирмата "Smartex Sarl" со седиште во Женева – Швајцарија. Со оглед на тоа дека, пријавената Маја Маркоска од Охрид го управувала предметното возило, сопственикот на истото, фирмата "Smartex Sarl" од Женева – Швајцарија, знаел или со оглед на околностите на случајот би можел да знае, дека управувајќи го возилото Маја Маркоска од Охрид, прави прекршок од член 265 во врска со член 263 став 1 точка 8 од Царинскиот закон.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложениот доказен материјал, Комисијата најде дека во дејствието на сторителот се содржани обележјата на прекршокот кој и се става на товар и за сторениот прекршок треба да и се изрече глоба од 250 евра во денарска противвредност, предвидена во рамки на законот, како и посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на прекршок, особено имајќи ги предвид утврдената вредност на предметното ПМВ и пресметаните увозни давачки за истото.

Согласно член 16 став 1 од Законот за прекршоците на сторителот на прекршокот му се одмерува санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги во предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот, согласно став 2 од истиот член при одмерувањето на санкцијата се земаат во предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнувачки околности), а особено степенот на одговорност на сторителот за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на

заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по прекршокот особено дали ја надоместил штетата, како и други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот, додека согласно став 3 од истиот член при одмерувањето на глобата се има во предвид имотната состојба на сторителот, висината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од обласа на даноците и царините и сразмерноста на висината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед дека тужбата го одлага извршувањето на решението, примерок од тужбата да се достави до Царинска управа на Република Северна Македонија - Комисија за одлучување по прекршок, во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Претседател на Комисија
Александар Сапроновски

Бр.28-005000/22-0008
Скопје, 30.03.2022 година.
Прк.бр.0025/22

Доставено во оригинал до:
- сторител,
- архива,
- предмет

Доделено преку ЕДМС до:
- подносител

Изработил: Божо Позаноски